


Како единствен ентитет што повеке од една година работи да донесеме слобода за сите жртви на Политичкиот прогон - произлезен од минатите власти во државава, со особен акцент за слобода на т.н. случај со “Браќата од 27.04.“ од причини што е всушност еден од најголемите случаи во ова наше време, ние од Проектот за “Стоп на Политичкиот прогон“ – бевме силно испровоцирани од вчерашната скандалозна изјава на Судијата Илија Трпков и тоа додека читаше Пресуда, заради што е ова и вакво обраќање кон јавноста при што сакаме да го истакнеме следново:

1. Ваков де факто, политички говор вметнат за време на изрекување на Судска Пресуда по сосема друг судски предмет, а обраќајки се кон сите осудени од Случајот од 27-ми Април, само е уште еден доказ за постоењето на Политичкиот Прогон, чии жртви се токму оние кон кои овој судија се обрати !

2. Од позиција на “не-судечки судија“ Судијата Илија Трпков кој ниту гледал, ниту пак ценел докази во постапката во Случајот со “Браката од 27-ми Април“ односно никаква врска нема со овој случај, си зема за право и очигледно ја смета за недоволна казна што овие луѓе долги години издржуваат затворски казни, па сега им се обрака дека плус треба и “глава да веднеле“ односно цитирам : **“За конкретните настани во Собранието, за кривичните дела кои се случија таму, наведнете ја главата и побарајте прошка од државата, како што обвинетите побараа“**
иако сите тие - до еден се чувствуваат веке многукратно и крајно онеправдани - поточно како жртви на Политички Прогон дека се неосновано осудени !

3. Особено во моменти кога со години Правосудството се соочува со катастрофални резултати и ефекти од работењето со 2% доверба, а сегашната Влада вистински фронт отвори за да почнат да се корегираат состојбите, еден ваков испад и тоа за Случај кој важи за еден од неколкуте кои ке го обележат ова наше време, говори само по себе за целосната алиенираност на Судскиот Систем во однос на законите, етиката и третман на народот воопшто од страна на овој систем и го цениме како крајно нечовечно, навредливо, понижувачко и арогантно, од страна на овој судија, особено кога се работи за луѓе кои според овој Проект за Стоп на Политичкиот прогон, како и според најголемиот дел на Македонската јавност дека – невини лежат 7 години по затворите, бидејки влегоа во Собранието откако незаконски се изгласа нелегитимен Претседател на Собрание, што најмалце ги чини терористи или убијци, ами најголеми патриоти !

4. Исто така јавно сакаме да изразиме сомнеж – дали со една ваква изјава и со обезбедување на една таква општа Амнестија, а кое како солуција се напушти откако го декласиравме и разобличивме уште лани на почетокот на годината, односно негде Март месец, а сега се повторува и јасно е дека се сака да се оствари т.н. “контрола на штетата“ од страна на овој очигледно одметнат Судски Систем, односно со Амнетсијата – ке остане на сила пресудата дека Браката од 27-ми Април се терористи!

Со што очигледно многу замешани одговорни и кои го воделе и воопшто биле каков било дел од овој крајно контроврзен судски предмет и кои всушност според овој наш Проект го спроведуваат најбруталниот Политички прогон кој финишира со едни вакви драконски и антицивилизациски судски пресуди, па дека со една ваква Амнестија

мораме да посочиме дека и тие не-луге најкомотно углибени во Првосудниот систем, на некој начин ке си бидат амнестирани, односно сите нивни вакви не-дела ке бидат и ке останат де-јуре  како оправдани и правно издржани!

А токму против сето тоа до детал се бори овој Проект за “Стоп на политичкиот прогон“



Патем ова што предупредувавме дека Амнестијата значи најмалце фер и адекватно решение на Случајот со “Бракaта од 27-ми Април“, е дел секако и многу други разно-разни ад-хок решенија кои беа понудени заради туги агенди и најмалце во интерес на вистинско и трајно решение на овој Случај...

За истакнување е да потенцираме дека вклучително и Претседателката Слијановска како правен експерт исто така го хармонизира ставот со нас како Проект дека не преку Амнестија ами со Повторување на Судска Постапка и јасни судски пресуди ке се постигне целта, кон што би додале дека уште на сам почеток на Повторувањето на Постапката, за некои 10-тина дена, ке ги извадиме како Проект на слобода сите од Браката од 27-ми Април на слобода, односно од слобода да се бранат и на слобода да останат, потврдено со правосилна судска пресуда...

Со почит,

Тодор Кулаков

Претседател на Проектот за “Стоп на политичкиот прогон“